Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Бр. 41-309/4
31-03-2021
III Македонска бригада бр.20
1000 Скопје,
Република Северна
Македонија

Тел. (02) 2 457 895
Факс: (02) 2 457 893
Е-пошта: info@fva.gov.mk
Сајт: www.fvagov.mk

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 5 и член 83 став 6 од Законот за безбедност на храната Прочистен текст ( Службен весник на РМ бр.123/2015, 129/2015, 213/2015, 39/2016 и 64/2018), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

**за овластување за спроведување на обуки за основните знаења за безбедност на храната, во согласност со правилата на добрата хигиенска пракса и заштита на животната средина**

1.Правното лице ДПТУ ФУД ЛАБ ДОО Скопје, се овластува да спроведува обука за основните знаења за безбедност на храната, правилата за добра хигиенска пракса и заштита на животната средина.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото потпишување.

### Образложение

Решавајќи по барањето број 41-309/1 од 04.02.2021 година, и врз основа на мислењето број 41-309/3 од 29.03.2021 година изготвено од страна на Комисијата за издавање мислење за исполнување на условите за правните лица за спроведување на обуки за основните знаења за безбедност на храната, во согласност со правилата на добрата хигиенска пракса и заштита на животната средина, а согласно член 83 став 6 од Законот за безбедност на храната Прочистен текст ( Службен весник на РМ бр.123/2015, 129/2015, 213/2015, 39/2016 и 64/2018), се одлучува како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот, преку овој орган до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Решено под број 41-309/1 во Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.

**Директор, в.д.**
**Николче Бабовски**

Изработил:Блажо Јаневски
Претседател на комисијата

ДОСТАВЕНО ДО:
Именуваните
Архива на АХВ